**ОПШТИ УСЛОВИ НА А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
**за продажба на ИКТ услуги**

## 1. Воведни одредби

1.1. Овие Општи услови на А1 Македонија за продажба на ИКТ услуги (во продолжение: ″**Општи услови**″) ги уредуваат правата и обврските меѓу Друштвото за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр. 1, 1000 Скопје (во продолжение "**А1 МК**" или "**Давател на услуги**") како продавач/давател на услуги за ИКТ услуги и правното лице корисник на ИКТ услуги (во понатамошниот текст "**Корисник на услуги**").
1.2. Овие Општи услови се однесуваат и се применуваат исклучиво за ИКТ услуги кои ги нуди А1 МК како дел од својата официјална понуда.
1.3. Овие Општи услови се задолжително обврзувачки за Корисникот на услуги и ќе бидат јавно објавени на интернет страната на А1 МК и со самото склучување на Договор за користење на ИКТ услуги Корисникот на услуги се согласува со истите.

## 2. Дефинирање на поими

**Давател на услуги:** Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје или скратено А1 МК

**Корисник на услуги:** правно лице кое има склучено Договор со А1 МК за користење на ИКТ услуги

**Страни:** Давател на услуги и Корисник на услуги

**Договор:** Писмен договор склучен помеѓу и потпишан од Давателот на услуги и Корисникот на услуги во кој јасно се утврдени правата, обврските и одговорностите на двете Страни, заедно со сите анекси и дополнувања/прилози кон истиот. За одредени ИКТ услуги Корисникот на услуги ќе биде обврзан да потпише и посебен договор со партнер со кој Давателот на услугите има склучено договор за нудење и овозможување на таквите услуги. Составен дел на Договорот се овие Општи услови

**Исполнување на услови:** секое користење на услуги од страна на Корисникот на услуги ќе се врши согласно одредбите на овие Општи услови и посебните условите дефинирани во Договорот кој ќе го склучат Страните

**ИКТ услуги:** услуги кои овозможуваат електронска обработка, складирање, пренос и пристап до податоци, информации и комуникација, со користење на информатичка и телекомуникациска инфраструктура, а кои А1 МК ги нуди на своите корисници како дел од својата официјална понуда и тоа како Безбедносни решенија, Датацентар услуги, Комуникациски решенија, Smart решенија и останати услуги

**Работен ден:** секој ден од понеделник во петок, освен деновите кои во Република Северна Македонија се неработни

**Опрема:** претставува физички уреди, хардверски компоненти или технички средства, кои се користат за пристапување, користење или овозможување на ИКТ услугите. Опремата може да биде во сопственост на А1 МК или на Корисникот на услуги, а во некои случаи се дава на користење (изнајмување, заем или продажба) на Корисникот на услуги од страна на А1 МК

**Производи:** се физички или дигитални артикли што се нудат и/или продаваат од страна на А1 МК, со или без поврзана ИКТ услуга, со цел овозможување, подобрување или

проширување на користењето на ИКТ услугите. Производите може да бидат предмет на еднократна продажба, изнајмување, или да бидат дел од пакет со вклучена ИКТ услуга

## 3. Редослед и приоритет на важност

3.1. Меѓусебните права и обврски се засноваат на следните документи и се применуваат со следниов редослед на првенство:

3.1.1. Договорот

3.1.2. Општите услови

## 4. Взаемност на права и обврски

4.1. Сите права и обврски утврдени со овие Општи услови се взаемни помеѓу Страните, што значи дека правата на една Страна претставуваат обврски на другата Страна и обратно.
4.2. Секоја Страна е должна да ги исполнува своите обврски преземени со овие Општи услови совесно, навремено и целосно во текот на важноста на истите.
4.3. Деталниот опис на посебни права и обврски и одговорности на Страните, надвор од подолу дефинираните во овие Општи услови, ќе бидат дефиниран во Договор.

## 5. Цени и начин на плаќање

5.1. Во зависност од избраниот тип на ИКТ услуги, А1 МК ќе му наплати на Корисникот на услуги еднократен или месечен или годишен надомест за нивното користење, за што ќе му издаде фактура во која ќе бидат наведени надоместоците и применливата стапка на ДДВ.
5.2. Цената на надоместокот за ИКТ услуги ќе биде дефиниран во Договорот, каде јасно ќе биде предвидено што се е вклучено во цената и пакетот односно модулот/ите на ИКТ услуги избран од Корисникот на услугите.
5.3. Цената на надоместокот за ИКТ услуги ќе биде искажана во денари.
5.4. Корисникот на услуги е должен редовно и навремено да ја плати/ќа доставената фактура во рокот утврден во неа.
5.5. Во случај на задоцнето плаќање, од денот на паѓање на Корисникот на услугите во задоцнување до денот на плаќање на доспеаниот долг, А1 МК може:

1. времено да го прекине пристапот на Корисникот до ИКТ услугите; и/или
2. да наплати законска казнена камата.

5.6. Доколку Корисникот на услугата не го плати долгот ниту во рок од 30 (триесет) дена по истекот на рокот за плаќање определен во сметката, Давателот на услуги има право да го раскине Договорот и трајно да го оневозможи користењето на Услугите.

## 6. Права на интелектуална сопственост

6.1. А1 МК гарантира дека продажбата или употребата на ИКТ услугите опфатени со Договорот не ги прекршуваат правата од интелектуална и индустриска сопственост на трети лица.
6.2. А1 МК ќе го заштити Корисникот на услуги од какви било постапки кои би можеле да бидат покренати против него по барање за прекршување на правата од интелектуална и индустриска сопственост на трети лица, поднесени како резултат на употреба ИКТ услугите.

## 7. Безбедност на информации

7.1. А1 МК користи најсовремена форма за безбедност на информации во сите свои услуги и ќе ги зајакнува сите системи согласно Политиката за информациска безбедност која е објавена на официјалната веб страна на А1 МК.

## 8. Заштита на лични податоци

8.1. Страните се обврзуваат во целост да ги применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци, подзаконските акти донесени врз основа на Законот за заштита на личните податоци, како и сите акти на договорните страни кои се однесуваат на заштитата на личните податоци.
8.2. Доколку при реализација на Договорот кој ќе го склучат Страните се обработуваат лични податоци истите со овие Општи услови се обврзуваат дека ќе ги почитуваат законските обврски за заштита на личните податоци за да обезбедат тајност и заштита на обработката на личните податоци, а со примена на технички и организациски мерки на заштита од случајно или незаконско уништување на личните податоци или нивно губење, преправање, неовластено откривање или пристап, заштита при нивниот пренос или од било какви незаконски облици на обработка.
8.3. Начинот на обработка на личните податоци, обемот на овластувањата на Страните за обработка на личните податоци, како и техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци ќе бидат уредени во посебен Договор за обработка на личните податоци.

## 9. Доверливост

9.1. Корисникот на услуги е обврзан добиените информации од А1 МК по однос на извршување на услугите, како и информациите произлезени од извршувањето на услугите, да ги третира како доверливи, да не ги дава или прави достапни на трети лица и да ги користи само за целите на овие Општи услови и Договорот кој ќе го склучат Страните, со ограничување на нивното откривање само на свои вработени и само во обем потребен за успешно извршување на договорните обврски.
9.2. Обврската за доверливост важи во текот на целото времетраење на Договорот кој ќе го склучат Страните, како и во период од 2 (две) години по неговото раскинување или истек на важност.

## 10. Одредби за антикорупциски принципи

10.1. А1 МК е посветен на вршење на своите деловни активности на фер, чесен и транспарентен начин кои е во согласност со применливите анти-корупциски и други важечки закони во Република Северна Македонија и во таа насока Корисникот на услуги потврдува дека неговите менаџери, вработени или било кои негови посредници немаат дадено, ветено, примено или прифатено било каква парична исплата или други видови на незаконски стекната добивка и корист во врска со преговарањето и/или склучувањето на овие Општи услови.
10.2. А1 МК се спротивставува на било каков вид на коруптивни практики вклучувајќи, но не ограничувајќи се на поткуп, перење на пари или стекнување или нудење на било какви други добивки или обезбедување на предности кои се незаконски и/или кои ги прекршуваат општите принципи на деловната етика, со цел да се стекне несоодветна предност или корист заради добивање или задржување на бизнис или обезбедување на незаконско влијание од било кој државен службеник, вработени или раководители во државни институции, политички партии или нивни претставници или било кои други компании, организации или трети страни. Преземањето на било каков вид на коруптивни

активности од Корисникот на услуги, директно или преку трети страни ќе се смета за сериозно прекршување на овие Општи услови.
10.3. Прекршувањето на одредбите од оваа точка и дава на А1 МК неотповикливо право да ја раскине важноста на овие Општи услови и Договорот со моментален ефект преку испраќање на писмено известување при што ваквото прекршување претставува валидна основа за побарување на сите дополнителни трошоци и/или штети предизвикани на А1 МК или неговата деловна репутација поради прекршување на анти-корупциските принципи од страна на Корисникот на услуги.

## 11. Виша сила

11.1. Обврските на договорните страни и утврдените рокови за извршување на обврските мируваат доколку причините за неизвршување, неквалитетно или задоцнето извршување на обврските се резултат на состојба на Виша сила.
11.2. "Виша сила" во смисла на овие Општи услови е настан или состојба кој не е предизвикан, ниту е под контрола на било која од договорните страни и кој засегнатата страна не може да го надмине, а истиот значително влијае на навременото исполнување на договорните обврски, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: војна, акти на тероризам, природни катастрофи (поплави, пожари, земјотреси), општи штрајкови, граѓански нереди, немири или блокади, акти на јавна власт, екстремни временски услови итн.
11.3. Страната која се повикува на постоење на ситуација на Виша сила е должна за тоа да ја извести другата договорна страна во писмена форма веднаш по настанувањето и завршувањето на настанот на Виша сила, во спротивно нема право да се повикува на оваа одредба во услови на каснење или неизвршување на своите договорни обврски.
11.4. Во услови на постоење на ситуација на Виша сила, Страната чиј учинок е засегнат од ситуација на Виша сила ќе ги вложи сите оправдани напори да ги одбегне или да ги надмине причините што го засегаат учинокот веднаш штом тоа ќе стане практично возможно за да го минимизира ефектот на таквата состојба врз исполнувањето на договорните обврски.
11.5. Во случаите кога ситуација на Виша сила влијае врз учинокот на едната Страна и кога таа ситуација не се разрешува во рок од 2 (два) месеци, другата Страна може да ги раскине овие Општи услови со писмено известување без дополнителен отказен рок доколку ситуацијата на Виша сила продолжува и понатаму.

## 12. Пренесување на обврските

12.1. Секоја од Страните има право да ја пренесе обврската за исполнување на предметот на набавката на друг правен субјект доколку истиот претставува правен следбеник на соодветната Страна.
12.2. Било какво друго пренесување на права и обврски кои произлегуваат од овие Општи услови, а исто така и на Договорот, на трето лице, е предмет на претходна писмена согласност од другата Страна.

## 13. Времетраење и раскинување/откажување на договор

(1) Времетраењето ќе биде регулирано во Рамковниот Договор како и со секој поединечен Индивидуален Договор за секоја од услугите. (2) Во моментот на раскинување/откажување на Договорот, Корисникот на услуги останува одговорен и има обврска да ги плати сите доспеани долгови за кои А1 МК му има издадено фактура/и до моментот на раскинување на Договорот, како и евентуални пенали кои ќе произлезат поради предвремено раскинување /откажување на Договорот.

(3) А1 МК има право еднострано да го раскине Договорот без дополнителен отказен рок при постоење на една од следните околности на страна на Корисникот на услуги:

1. Ненавремено или нецелосно плаќање на доспеаните фактура/и;
2. Во случај на користење на ИКТ услугите од страна на Корисникот на услуги спротивно на член 14 од овој Договор;
3. Во случај на извршена злоупотреба на ИКТ услугите за цели спротивни на Договорот и овие Општи услови, или заради нанесување на штета на техничката опрема преку која А1 МК ги обезбедува ИКТ услугите или штета на трети лица;
4. Во случај на поведување постапка за стечај или ликвидација на Корисникот на услуги или негово бришење од соодветен регистер врз основа на судска одлука.

**14. Забрана за комерцијална употреба**

14.1. Корисникот на услуги има право да ги користи ИКТ услугите само како краен корисник, за негова сопствена употреба. Секоја комерцијална употреба заради препродажба на услугите на трети лица е забранета и ќе биде санкционирана од страна на А1 МК.
14.2. Доколку Корисникот на услуги постапи спротивно на оваа одредба, А1 МК има право да преземе мерки за ограничување на пристапот или прекин на услугите на Корисникот на услуги и раскинување на Договорот согласно одредбите од член 13 од овие Општи услови.

**15. Завршни одредби**

15.1. Страните се согласни дека за се што не е опфатено со овие Општи услови ќе се применуваат одредбите од Договорот, како и законските обврски од важечкиот Закон за облигациони односи и другите применливи позитивни прописи во Република Северна Македонија.
15.2. Доколку во било кое време некоја одредба од овие Општи услови стане незаконска, неважечка, ништовна или неспроведлива во целост или делумно според било кој закон во Република Северна Македонија, тогаш таквата одредба до границите до кои се смета за незаконска, неважечка, ништовна или неспроведлива нема да се применува и ќе се смета дека не е дел од овие Општи услови и нема да има влијание врз полноважноста и спроведувањето на овие Општи услови. Во таков случај А1 МК ќе направи соодветни измени во овие Општи услови за да имплементира заменска одредба која ќе биде законска, важечка и спроведлива, доколку тоа е правно возможно.

**16. Решавање на спорови**

16.1. Евентуалните спорови кои може да произлезат во врска овие Општи услови и Договорот, Договорните страни најпрвин ќе ги решаваат во добра волја на спогодбен начин, со меѓусебни преговори. Доколку спорот не може да се реши спогодбено, секоја Договорна страна има право да го пренесе решавањето на спорот пред Основниот граѓански суд Скопје.

**17. Измена на општите услови**

17.1. Овие Општи услови ќе бидат составен дел на Договорот.
17.2 Овие Општи услови се објавени на официјалната веб страна на А1 МК во делот за деловни корисници-ИКТ услуги.

17.3. А1 МК согласно важечкото законодавство и својата деловна политика може било кога да ги измени Општите услови.

## 18. Употреба на јазикот

18.1. Овие Општи услови се напишани на македонски јазик. По исклучок Општите услови може да бидат преведени и на англиски јазик каде единствен веродостоен текст на овие Општи услови претставува верзијата напишана на македонски јазик, која е единствена релевантна за објаснување и ќе се користи и во случај на спор. Верзијата напишана на англиски јазик, има исклучиво информативен карактер.

## 19. Важност на општите услови

19.1. Овие Општи услови ќе стапат во сила со денот на нивното усвојување, а се применуваат од денот на нивното објавување на официјалната веб страна на А1 МК.